# ОПШТИНА ОХРИД

## Кабинет на градоначалникот

г.Лазар Младенов,

Претседател на здружението на граѓани

“ Бугарски културен клуб - Скопје”

Охрид, 25.09.2009г.

Почитуван г. Младенов,

Во врска со Вашиот допис за започнување на иницијатива за поставување на споменик за погинатите во несреќата која се случи во Охридското Езеро на ден 05.09. 2009 год. Ве известуваме дека во содејство на Здружението” 5-ти септември” кое е формирано од страна на граѓаните на Охрид кои учествуваа непосредно и посредно во спасувањето на бугарските граѓани кои се наоѓаа во бродот “Илинден” и Општината Охрид , за наредната седница на Советот на Општината доставена е иницијатива за подигање на спомен плоча за настраданите во несреќата. Изгледот и местоположбата каде ќе биде поставена спомен-плочата ќе бидат дополнително утврдени.

Исто така сакаме да Ве известиме дека во содејство на овие два субјекти организиран е и помен за загинатите кој ќе се одржи на 11 .10.2009 год. во црквата Св Софија во Охрид на која ќе бидат поканати сите роднини на загинатите а како гости на здружението и Општината.

Александар Петрески

Градоначалник